## Позначајни економски настани и промени во законодавната регулатива во октомври 2003 година

- *На 01 октомври започна исплатата на петтата рата од доспеаната главница и камата на државните обврзници за старо девизно штедење.*
- *На 07 октомври беше извршена ратификација на Договорот за слободна трговија меѓу Македонија и Романија, кој има за цел зголемување на билатералната економска соработка. Овој договор се очекува да влезе во сила при крајот на 2003 година, така што веќе од почетокот на 2004 година стопанските субјекти од двете земји ќе можат да ги користат погодностите кои произлегуваат од договорот.*
- *На 20 октомври Бордот на извршни директори на Меѓународниот монетарен форнд (ММФ) го одобри повлекувањето на втората транша од Stand-by аранжманот на Република Македонија со оваа меѓународна финансиска институција (околу 5,6 милиони долари). Донесената одлука на Бордот е во согласност со досегашното успешно спроведување на аранжманот, во поглед на реализација на утврдените таргети и позитивните макроекономски перформанси.*
- *Од 21 октомври малопродажните цени на нафтените деривати во Република Македонија се повисоки во просек за околу 3,8% (согласно одлука на Владата).*
- *Од 22 октомври НБРМ ја промени техниката на спроведување на аукциите на благајнички записи, со цел намалување на нивото на каматните стапки во економијата. Имено, наместо досегашното спроведување на аукциите врз принципот "тендер со износи" се премина кон аукции од типот "тендер со каматни стапки", со максимално утврдена каматна стапка од 7%.*
- *Кон крајот на октомври во Република Македонија пристигна техничката мисија на ММФ. Преговорите, кои продолжија и во ноември, беа главно фокусирани на разгледувањето на макроекономската политика за следната година.*